ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 01.09.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## Рецепт за хроничните болести

Со цел намалување на непотребните посети од осигурениците кај матичните лекари, како и олеснување на работењето на матичните лекари, ФЗОМ одлучи терапијата за хронични болести да има важност од 180 дена. Во изминатите две години, хронична терапија се пропишуваше за период од 90 дена и беше прифатена со огромно задоволство, како од лекарската фела, така и од осигурениците. Пропишувањето на терапија оза 90 дена овоможи осигурениците (хронично болни) да доаѓаат по рецепти кај матичниот лекар еднаш на 3 месеци.

По подолго согледување и анализирање на состојбите ФЗОМ ја направи оваа измена во новиот Правилник за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување (Сл.весник на РМ бр.105/2011) што стапува во сила од 01.09.2011 година, при што се овозможува пропишување терапија за хронично болни лица за период од 6 месеци.

Напоменуваме: лековите кои се во режим на препишување т.е се препорачуваат од специјалист/субспецијалист важноста за препораката треба да е наведени во извештајот/ отпусното писмо до наредниот контролен преглед, а доколку не е наведено, препораката има важност од 12 месеци.

Во пракса ова значи осигуреник кој има хронично заболување и потребно е да прима терапија, која во позитивната листа е со режим на пропишување RS (специјалист). Осигуреникот за да биде снабден со терапија за цела годината ќе треба да изврши еден специјалистички преглед и две посети на матичниот лекар и притоа месечно да ја подигнува терапијата од аптека.

Бранко Аџигогов
Портпарол